**ДЕЛЕГИРАНА РЕГУЛАТИВА (ЕУ) 2022/2074 НА КОМИСИЈАТА**

**од 20 јули 2022 година**

**за изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 139/2014 во однос на дефиницијата за SNOWTAM**

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирањето на Европската Унија,

имајќи ја предвид Регулативата (ЕУ) бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот, од 4 јули 2018 година, за заеднички правила во областа на цивилното воздухопловство и за основање на Агенција на Европската Унија за безбедност во воздухопловството, и за изменување и дополнување на регулативите (ЕЗ) бр. 2111/2005, (ЕЗ) бр. 1008/2008, (ЕУ) бр. 996/2010, (ЕУ) бр. 376/2014 и директивите 2014/30/ЕУ и 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот, и за укинување на регулативите (ЕЗ) бр. 552/2004 и (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и Регулатива (ЕЕЗ) бр. 3922/91([1]) на Советот, и особено член 39(1) од истата,

со оглед на тоа што:

(1) Регулативата (ЕУ) бр. 139/2014([2]) на Комисијата ги утврдува условите и административните постапки во однос на аеродромите, вклучувајќи одредби што се однесуваат на известувањето за условите на површината на полетно – слетната патека и издавањето на известување за присуството на снег, мраз, лапавица или стоечка вода со снег, лапавица и мраз на површина за маневрирање како и за отсуство на таквите услови (SNOWTAM), како дел од глобалниот формат за известување.

(2) SNOWTAM треба да се креира во согласност со одредбите од Анекс 15 од Конвенцијата за Меѓународно цивилно воздухопловство, потпишана на 7 декември 1944 година во Чикаго („Чикашка конвенција“) и одредбите во Процедурите за услугите во воздухопловната навигација – Управување со воздухопловни информации (PANS_AIM Док. 10066), усвоен од Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (ICAO).

(3) Дефиницијата за SNOWTAM содржана во Анекс I кон Регулативата (ЕУ) бр. 139/2014 треба да се измени и дополни за да биде во согласност со дефиницијата од Анекс 15 на Чикашката конвенција и конзистентна со дефинициите од другите правни акти на Унијата во таа област, како на пример во Регулативата за спроведување (ЕУ) 2017/373 ( [3]на Комисијата.

(4) Регулативата (ЕУ) бр. 139/2014 треба соодветно да се измени и дополни.

---

(1) Сл. весник. L 212, 22.8.2018 година, стр. 1.

(2) Регулатива (ЕУ) бр. 139/2014 на Комисијата од 12 февруари 2014 година, за утврдување на услови и управните постапки во врска со аеродромите во согласност со Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот (Сл. весник бр. L 44, 14.2.2014 година, стр. 1).

(3) Регулатива за спроведување (ЕУ) 2017/373 на Комисијата од 1 март 2017 година за утврдување на заеднички услови за даватели на услуги за управување со воздушниот сообраќај/даватели на услугите во воздухопловната навигација и останати мрежни функции за управување со воздушниот сообраќај и за нивниот надзор, и за укинување на Регулативата (ЕЗ) бр. 482/2008 и регулативите за спроведување (ЕУ) бр. 1034/2011, (ЕУ) бр. 1035/2011 и (ЕУ) бр. 2016/1377 и за изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ) 677/2011, Сл. весник бр. L 62, 8.3.2017 година, стр. 1.)

(5) Во согласност со член 75(2), точките (б) и (в) и член 76(1) кон Регулативата (ЕУ) 2018/1139, Агенција на Европската Унија за безбедност во воздухопловството подготви и достави до Комисијата мислење бр. 03/2021([4]) во однос на нацрт правилата за спроведување.

ЈА ДОНЕСЕ СЛЕДНАТА РЕГУЛАТИВА:

Член 1

Во Анекс I кон Регулативата (ЕУ) бр. 139/2014, точката (41б) се заменува како што следува:

„(41б) „SNOWTAM" е специјално издание на NOTAM, во стандарден формат, што известува за опасни услови~~те~~ предизвикани од присуството на снег, мраз, кашест снег, слана и стоечка вода или вода предизвикана од топење на снег, кашест снег, мраз или слана на маневарските површини, како и за отсуство на таквите услови;".

Член 2

Оваа регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден по денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија*.

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји-членки.

Брисел, 20 јули 2022 година.

За Комисијата

Претседател

Урсула ВОН ДЕР ЛЕЈЕН

-----------

([4]) https://www.easa.europa.eu/document-library/opinions